**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

## за II година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Италијански јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Ниво на изучување** | Со втората година од изучувањето на италијанскиот јазик треба да се достигнат знаења од рамништето А2+/Б1.1 според Заедничката европска реферетна рамка за јазиците. |
| **Теми/подрачја во наставната програма[1]** | • ***Секојдневен живот (Купување облека и обувки)***<br>• ***Слободно време (Патување-опишување на едно патување)***<br>• ***Нашата околина и грижата за неа***<br>• ***Средства и начини за комуникација***<br>• ***Култура и интеркултурна комуникација*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла, Интернет, образовни софтвери;<br>• Нагледни средства, постери, фотографии, слики, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, …<br>• Учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Италијански јазик во II (втора) година гимназиско образование може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по италијански јазик и книжевност – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 |

[1] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која преовладува во неа, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури застапени во целата наставна програма, без оглед на тоа како се распоредени по темите во наставната програма.

| | |
|---|---|
| | ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и книжевност/литература – друга насока и соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик (со звање дипломиран филолог) и соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик и соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ (Купување облека и обувки)***

Вкупно часови: **20**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере слушнат/пишан текст поврзан со купување;
1. побара/даде информации при усна интеракција на тема: купување;
2. побара/даде информации при онлајн купување;
3. напише едноставен текст во кој опишува облека, обувки и модни додатоци, модни стилови.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| А) Говорни чинови (atti comunicativi):<br><br>**Барање/давање информации при купување** | |

| | |
|---|---|
| **облека, обувки и модни додатоци во продавница**<br><br>*-Buongiorno, signora. Posso aiutarLa?*<br>*-Buongiorno.Vorrei provare questo vestito rosso, per favore.*<br><br>*-Vuole provare questa gonna? -Sì, dov'è il camerino?*<br>*-Il camerino è in fondo al negozio, sulla sinistra.*<br><br>*-Qual è la sua taglia? -Porto la 40.*<br><br>*-Qual è il suo numero di scarpe? -38, grazie.*<br><br>*-Quanto costa/Quanto viene/vengono?*<br>*-Costa 30 euro.*<br><br>*-Signora, di che tessuto è il cappotto?*<br>*-Lana pura, signora.*<br><br>**Купување облека, обувки, модни додатоци и други артикли преку интернет**<br><br>*Chiara: Fai shopping online?*<br><br>*Laura: Sì, sto cercando un regalo per il compleanno di mia sorella.*<br><br>*Lucia: Perchè non le compri il biglietto per il concerto del suo cantante preferito? Su ticket.it si possono acquistare i biglietti per tutti i concerti.*<br><br>*Laura: Ottima idea! Ti ringrazio per la proposta!*<br><br>**Опишување облека, обувки, модни додатоци и** | • Разбира слушнат и/или пишан текст поврзан со купување;<br>• Прашува и одговара за цена, големина/број, боја и материјал на облека во продавница за облека;<br>• Разменува информации, при усна интеракција, во врска со купување облека, обувки и модни додатоци во продавница или онлајн;<br>• Нарачува облека, обувки, модни додатоци и други артикли преку интернет;<br>• Пишува едноставен текст со опис на облека, обувки, модни додатоци и модни стилови.<br><br>- |

| | |
|---|---|
| **модни стилови**<br><br>*Il mio stile è piuttosto casual e sportivo. In generale, indosso vestiti semplici e comodi. Durante la settimana, metto spesso un paio di jeans e una maglietta. Ma nel fine settimana, quando esco con i miei amici, mi piace indossare abiti più eleganti e scarpe con i tacchi alti.* | |
| Б) Лексички единици:<br><br>Повторување и усвојување нова лексика поврзана со:<br>- купување во продавница:<br><br>*azioni: fare la spesa, comprare, provare, vestirsi, mettersi, togliersi, indossare,*<br>*comprare, cambiare, provare, pagare con la bancomat/ in liquido/in contanti, con la carta di credito, alla cassa;*<br><br>*il camerino, I saldi, gli sconti, le offerte speciali, lo scontrino,*<br><br>*i capi d'abbigliamento: la camicia, i pantaloni, il vestito, l'abito, la gonna, le scarpe, le calze, la sciarpa, il cappotto, la giacca, i vestiti, la maglietta, il maglione, la t-shirt, la tuta, la felpa, il pullover, le scarpe, gli stivali, le ciabatte;*<br><br>*accessori: il braccialetto, la collana, la cintura,*<br>*la borsetta, gli occhiali, gli orecchini, i gioielli,*<br>*l'orologio, il cellulare;* | • Разбира зборови и изрази поврзани со купување во продавница или онлајн ;<br>• Пренесува значење (врши медијација) на мајчин или на италијански јазик на зборови и изрази што се употребуваат при купување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при купување облека, обувки и модни додатоци во продавница;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при купување преку интернет;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, при опишување облека, обувки, модни додатоци и модни стилови. |

| | |
|---|---|
| *aggettivi: stretto, largo, lungo, corto, bello, moderno, semplice, bianco, nero, marrone scuro, verde chiaro…*<br>*espressioni: (non) mi piace, non è male, sta bene, non ti sta bene;*<br><br>*il tessuto: cotone, lana, lino, seta*<br>*lo stile: moderno, classico, elegante, sportivo, casual.*<br><br>-купување преку интернет:<br><br>*ordinare online, pagare con la carta di credito, venditore (affidabile), consegna, il corriere, negozio virtuale, sito, pagare alla consegna, riempire il carrello, inserire i dati, comprare/acquistare online.* | |

| В) Граматички содржини: | |
|---|---|
| Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br>• Род и број на именки, поврзани со темата;<br>• придавки: описни, присвојни, показни, прашални, неопределени), степенување на придавки;<br>• заменки за директен и индиректен предмет употребени со глаголи во сегашно и во минато определено свршено време, неопределени и прилошка заменка NE;<br>• прилози за начин и количина (*bene, male, meglio, peggio, abbastanza, molto*), степенување на прилозите;<br>• предлози ( I*N, DI)*<br>• Глаголски времиња и начини: индикатив сегашно време (правилни, неправилни, повратни); конструкции од типот: *Lei vuole /deve /può/ tu vuoi / tu devi / tu puoi / + infinito*; условен начин во конструкции од типот: *vorrei* / *potrei* + infinito / *vorreste + infinito*;<br>• Реченици: исказна ( потврдна и одречна форма) и прашална. | • Употребува доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Употребува именки поврзани со темата;<br>• Употребува соодветни форми на описни, присвојни, показни, прашални и неопределени придавки поврзани со темата;<br>• Употребува соодветни форми на неопределени заменки, заменки за директен и индиректен предмет (со глаголи во сегашно и во минато определено свршено време), прилошка заменка *ne* и долги заменски форми.<br>• Врши споредба на придавки и прилози во даден контекст;<br>• Употребува соодветни форми на глаголи во сегашно време поврзани со темата и конструкции од типот: *Lei vuole /deve/puo'/ tu vuoi / tu devi / tu puoi / + infinito*; условен начин во конструкции од типот : *vorrei* / *potrei* + infinito/ *vorreste + infinito*<br>• Употребува прилози за количина и начин: bene, male, meglio, peggio, molto, abbastanza во едноставни реченици.<br>• Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма) и прашални реченици при усно и писмено изразување. |

| | |
|---|---|
| | |

**Примери за активности**

**Вежба:** *Бура на идеи.* Наставникот запишува на табла: *L'abbigliamento*. Учениците кажуваат зборови и изрази поврзани со темата, а наставникот ги запишува на табла.

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Учениците читаат краток текст во кој се опишува искуството со купување на облека преку интернет, во кој се појавуваат нови зборови и изрази поврзани со темата, пр. *La settimana scorsa ho trovato una bellissima maglietta online. Era in sconto del 30%! Ho scelto la taglia M e l'ho messa nel carrello. La spedizione era gratuita, ma la consegna è arrivata dopo cinque giorni. La maglietta è bella, ma è un po' stretta - forse devo cambiarla.* Учениците преку контекстот на текстот даваат претпоставки за значењето на зборовите поврзани со купување, со решавање прашања со повеќечлен избор. Доаѓаат до значењето на новите зборови и на работен лист во табела ги запишуваат новите зборови со што ја дополнува листата со нови изрази и зборови.

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (c*hi, cosa, quando, come*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Laura: Buongiorno, sto cercando un vestito elegante per l'inverno?*
*Commessa: Buongiorno! Certo, ne abbiamo diversi modelli. Preferisce un vestito lungo o corto?*
*Laura: Mi piacciono i vestiti corti, e ne avete in lana?*
*Commessa: Certo, anzi Le consiglio questo modello in lana, di colore nero. Va molto di moda.*
*Laura: È davvero bello! Posso provarlo?*

*Commessa: Certo, i camerini sono vicino alla cassa, sulla sinistra.*
*Laura: Mi sta bene, ma mi sembra un po' caro. Quanto costa?*
*Commessa: Costa 120 euro, ma oggi abbiamo uno sconto di 20 per cento.*
*Laura: Va bene, lo prendo. Posso pagare in contanti?*
*Commessa: Si, può pagare alla cassa.*

**Вежба:** *Трансформирање реченици со степенување на придавки и прилози*. Наставникот им дели на учениците ливчиња на кои се напишани реченици. Учениците треба да го пронајдат придавките и прилозите и да ги трансформираат реченицитe. Пр.: *Marco si veste molto bene. Ma Luca si veste _________ Marco.*

**Вежба:** *Пронајди ја облеката.* Наставникот им дели на учениците, во парови, слики со облека. Еден ученик ја опишува облеката, според облеката, а другиот ученик ја погодува облеката. На пр.: *È rosso, lungo, elegante. Si mette in inverno. - Il cappotto!*

**Вежба:** *Интервју (игра во парови).* Еден ученик поставува прашања кои се поврзани со начинот на облекување или купување на облека, а другиот ученик одговара на прашањата. Пр.: - *Cosa ti metti quando vai in palestra? - Mi metto la tuta e le scarpe da ginnastica.; - Durante l'estate preferisci indossare i pantaloni in seta o in lino? - Preferisco indossare i pantaloni in lino.*

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење италијански јазик).

**Усно изразување:**
*Oggi indosso /mi metto una maglietta bianca, dei jeans blu e delle scarpe nere.*
*Mi piace indossare i pantaloni verdi, una camicia bianca e una cintura marrone. Porto anche un orologio, una borsa marrone e una sciarpa colorata, perfetta per la primavera.*
*Per la festa di compleanno di Anna ho scelto una borsa bianca e delle scarpe bianche con i tacchi alti.*

**Усна интеракција:**
*Cliente: Buongiorno, cerco una giacca nera.*
*Commesso: Di che taglia?*
*Cliente: Una M, per favore.*
*Commesso: Ecco, vuole provarla?*
*Cliente: Sì, grazie. Quanto viene?*

| |
|---|
| *Commesso: Viene 45 euro.*<br>*Cliente: Va bene, la prendo.*<br><br>*Laura: Ciao Maria, stasera è la festa di Natale e devo comprare il regalo per il mio collega. Lui ha uno stile sportivo, e penso di comprargli un maglione bianco.*<br>*Marta: Ma, secondo me, il maglione rosso va meglio, è Natale!*<br><br>**Писмено изразување:** *Il mio stile…* Учениците пишуваат краток текст во кој го опишуваат нивниот стил на облекување. *( Il mio stile è sportivo. Mi piace indossare i jeans e le felpe. Non mi piacciono i vestiti eleganti. In estate porto spesso le magliette colorate.)*<br><br>**Креативна активност:** *Sfilata di moda.* Учениците избираат облека *(може да донесат и од дома или од хартија/слики).* Во групи подготвуваат модна ревија, еден ученик ќе биде „манекен“, а друг „ водител“ што го опишува: (*Luca indossa una camicia bianca e dei jeans blu. È molto elegante!)* На крај се даваат поени за најдобра комбинација и најдобар опис. Победник е групата со најмногу поени. |

| Тема: ***СЛОБОДНО ВРЕМЕ (Патување-опишување на едно патување)***<br>Вкупно часови: **22** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**<br>1. разбере слушнати/пишани искази/ едноставни кратки текстови во врска со патување;<br>2. побара/даде информации при усна интеракција за патување;<br>3. опише усно и во краток едноставен текст, ситуации, настани, впечатоци и чувства од едно патување. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| А) Говорни чинови (atti comunicativi):<br><br>**Раскажување настани од некое патување**<br><br>*L’anno scorso sono andata in vacanza a Firenze, in Toscana. Ho visitato i luoghi più belli della città. Una sera, in Piazza della* | • Разбира слушнат и/или пишан едноставен текст во врска со патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази во врска со некое патување;<br>• Разменува информации во врска со патување, при усна интеракција;<br>• Опишува, во едноставен краток текст, посетено место, активности и |

| | |
|---|---|
| *Signoria, suonava una banda musicale. I musicisti erano bravissimi. Ho passato davvero una serata magica.*<br><br>**Опишување места**<br><br>*Due mesi fa sono andato/a a Roma con la mia famiglia. Roma si trova nel centro dell'Italia. È una grande città con molti bar caffè e ristoranti. Ho visitato molti monumenti, il centro storico e la basilica di San Pietro.*<br><br>**Искажување чувства и впечатоци од патување**<br><br>*Il mio viaggio a Venezia è stato bellissimo. Mi sono divertito/a molto. Le gondole sono romantiche. Il cibo è buonissimo. Sono molto felice!*<br><br>*Ho visitato Milano. La città è grande e moderna. Mi piace molto. I negozi sono eleganti. Sono un po' stanco/a ma contento/a.* | впечатоци при некое патување. |
| Б) Лексички единици:<br><br>Зборови и изрази поврзани со патување:<br><br>*il turista/il viaggiatore/il passeggero; l'agenzia di viaggi; il sito di prenotazione, airbnb, Booking,*<br><br>-превозни средства: *l'aereo, il treno, l' auto, la moto, la barca/la nave, il tram, la metropolitana, l' autobus; l' aeroporto, la stazione ferroviaria, la stazione degli* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при опишување едно патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, при усно изразување, во врска со впечатоци од некое патување;<br>• Пренесува значење (врши медијација) на мајчин или на италијански јазик, на зборови и изрази во врска со патување;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, во едноставен краток текст, во врска со посетено место, активности и впечатоци од патување. |

| | |
|---|---|
| *autobus, la fermata dell'autobus, biglietto (di sola andata o andata e ritorno), biglietteria, orario (della partenza e dell'arrivo), partenza, arrivo, binario, convalidare il biglietto;*<br>- активности: *prendere l'aereo/la macchina/il treno/ la nave, viaggiare, scoprire, riposare, nuotare, camminare, uscire, arrivare, muoversi; trascorrere le vacanze, fare un'escursione/soggiorno, andare al mare/al lago/in montagna, visitare una città/un paese, scattare foto, prenotare, affittare una camera (prendere in affitto), noleggiare un'auto...*<br>- сместување: *l'alloggio, l'albergo, l'agriturismo, la camera degli ospiti, l' ostello della gioventù, il campeggio...*<br><br>- чувства и впечатоци: *essere felice / sorpreso / stanco / soddisfatto*<br><br>- опис на посетено место*: bello/a; interessante; magnifico/ a; vivace; antico/a, vecchio/a, moderno/a, pulito/a, sporco/a, tranquillo/a, caotico/a, affascinante, spettacolare…* | |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br><br>• Род и број на именки, поврзани со темата;<br>• Употреба и испуштање на членот во контекст поврзан со темата патување;<br>• придавки: неопределени (poco, molto, tanto), бројни придавки ( 1 -100);<br>• придавки: описни, показни, прашални, неопределени), степенување на придавки,<br>• заменки: директен и индиректен предмет, прилошки заменки, повратни заменки;<br>• прилози: за начин (-MENTE), време, место (CI, NE) и количина (*bene, male, meglio, peggio, abbastanza, molto, direttamente, facilmente, improvvisamente/all'improvviso, velocemente, sicuramente, ieri, l'altro giorno, una settimana/un mese fa, l'anno scorso, l'estate scorsa, prima, poi, dopo, spesso, sempre, finalmente, mai, di tanto in tanto, presto, tardi, adesso, a volte, alla stessa ora, subito)*, степенување на прилозите;<br>• предлози ( I*N, DI, A, PER, CON, DA, TRA/FRA, SU)* и нивните членувани форми;<br>• Глаголски времиња и начини: индикатив сегашно време (presente); минато определено свршено (passato prossimo), минато определено несвршено (imperfetto) и нивна правилна употреба;<br>• Реченици: исказна (потврдна и одречна форма) и прашална. | • Употребува доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Употребува правилни форми на именки во врска со темата *патување*.<br>• Употребува правилни придавски форми во врска со темата *патување*.<br>• Употребува правилни заменски форми во врска со темата *патување*.<br>• Правилно ги употребува глаголските форми во сегашно време (presente), во минато определено свршено време (passato prossimo) и минато определено несвршено време (imperfetto) во врска со темата *патување*.<br>• Правилно употребува прилози за начин, време, место и количина во врска со темата *патување*.<br>• Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

**Примери за активности**

**Вежба:** *Бура на идеи.* Наставникот запишува на табла: *Il viaggio*. Учениците кажуваат зборови и изрази поврзани со темата, а наставникот ги запишува на табла.

**Слушање/читање краток едноставен текст проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Caro Roberto,*

*Sono qui a Bologna per frequentare un corso di italiano. La città è un po' rumorosa, ma molto vivace e ci sono tante cose interessanti da vedere, per esempio la Basilica di San Petronio, le due Torri o Piazza Maggiore. Qui c' è sempre qualcosa da fare: quando non frequento le lezioni vado a vedere una mostra, un museo o una chiesa. La sera vado a teatro o al cinema o faccio una passeggiata per le strade del centro e guardo le vetrine dei negozi. Da Bologna poi posso visitare molti altri posti. Domani vado a Modena e il fine settimana a Ferrara per vedere il Castello degli Estensi. Insomma, un vero e proprio soggiorno culturale.*

*Tanti cari saluti e…. a presto.*

*Michael!*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Наставникот/наставничката им дели работно ливче на учениците со емотикони што означуваат чувства поврзани со темата *патување* и соодветните придавки на италијански јазик.

Учениците, во парови, ги поврзуваат емотиконите со соодветните значења. Ги кажуваат решенијата пред нивните соученици. Се коригираат заемно, а доколку е потребно, наставникот/наставничката им помага. Накрај, го утврдуваат значењето на придавките.

**Вежба:** Учениците спојуваат, во табела, реченици на мајчин јазик и на италијански јазик, со исто значење.
Пр. :

| | |
|---|---|
| *Беше неверојатно!* | *Era divertente!* |
| *Беше прекрасно!* | *Era incredibile!* |

| | |
|---|---|
| *Беше заморно!* | *Era indimenticabile!* |
| *Беше забавно!* | *Era pericoloso!* |
| *Беше незаборавно!* | *Era stancante!* |
| *Беше опасно!* | *Era magnifico!* |

**Вежба:** *КВИЗ - Pronti per viaggiare -квиз со повеќечлен избор.* Наставникот ги дели учениците во парови или групи и на секој пар или група им дели прашалник на хартија или дигитално (Kahoot, Quizzlet, Quizziz итн) *:1. Come viaggi di solito? a) in treno b) in scuola c) a piedi 2. Dove dormi quando sei in vacanza? a) In moto b) in albergo o in campeggio c) nel museo итн.)* Учениците одговараат на прашањата. На крај парот или групата со најмногу поени се прогласува за победник.

**Практична задача:** *Доаѓање до правилото*. Наставникот покажува или гестикулира мала сцена: *Una ragazza cammina per strada, piove, canta, poi all'improvviso cade.* Потоа им поставува прашања на учениците: *Cosa stava succenendo?-Pioveva, lei camminava, cantava. Cos'e' successo? - E' caduta.* Бара од учениците да ги сменат глаголите од дадената реченица во соодветното минато време (*Pioveva, camminava, e all'improvviso è caduta.).* Доколку е потребно, ги коригира нивните одговори. Накрај, учениците доаѓаат до правилото за употребата на *passato prossimo* и на *imperfetto.*

**Вежба:** *Игра со коцки.* Секој број одговара на по еден прилог. Пр.: 1 = ieri, 2 = spesso, 3 = mai, 4 = adesso, 5 = presto, 6 = dopo. Учениците, еден по друг, ја фрлаат коцката и измислуваат по една реченица, употребувајќи го извлечениот прилог, според бројката која се паднала.Секој ученик наизменично ја фрла коцката. Го погледнува бројот кој се паднал. Го наоѓа соодветниот прилог од табелата. Потоа измислува една реченица на италијански јазик, во која го употребува тој прилог.

**Креативна активност:** "*Dove sono stato?*" - Неколкумина/една група од учениците добиваат картички со име на град (на пр. Roma, Milano, …) и треба да дадат соодветен опис без да го кажат името. Останатите ученици треба да го погодат градот од описот. Пр.: *Ho visitato una città molto famosa. Ho visto il Colosseo e ho mangiato tanta pasta. - Sei stato a Roma!*

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење италијански јазик).

**Усно изразување:** *L'anno scorso ho fatto un viaggio indimenticabile in Italia. Sono andato a Firenze con la mia famiglia e ci siamo rimasti una settimana. Abbiamo visitato molti posti famosi: Il Ponte Vecchio, la Galleria degli Uffizi e il Davide di Donatello. Ogni giorno abbiamo camminato tanto, ma è stato molto interessante.*

**Усна интеракција:**
*A: Dove sei andato/a in vacanza?*
*B: Sono andato/a in Sicilia.*
*A: Con chi ci sei andato/a?*
*B: Ci sono andato/a con i miei/le mie amici/amiche.*
*A: Quanto tempo sei rimasto/a?*
*B: Sono rimasto/a una settimana.*

**Писмено изразување:** *Una cartolina da…* Учениците составуваат текст (100 збора) во кој го опишуваат своето најубаво патување. Наставникот ги оценува според однапред утврдена бодовна скала. Накрај, коригираните есеи ги прикачуваат на блогот на паралелката, или на постер.

**Креативна активност:** Учениците, во парови (едниот ученик е новинар, другиот е турист), подготвуваат, а потоа симулираат интервју "Reportage di un viaggio".

Тема: ***НАШАТА ОКОЛИНАТА И ГРИЖАТА ЗА НЕА***

Вкупно часови: **16**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**

1. Разбере слушнати/пишани едноставни текстови во врска со околината и грижата за неа;
2. Разбере слушнати/пишани искази во врска со насоки, совети и забрани за однесување во природа;
3. Даде инструкции, совети и забрани за однесување во природа;
4. Ја опише, усно или во краток едноставен текст, својата околина и грижата за неа.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| А) Говорни чинови (atti comunicativi):<br>**Барање/давање информации за грижата за околината** | • Разбира основни информации во слушнат и/или пишан текст во врска со околината и грижата за неа. |

| | |
|---|---|
| *- Che cosa fai tu per l'ambiente?*<br><br>*-Vado in bici al posto di usare i mezzi pubblici, risparmio l'energia e cerco di utilizzare meno plastica.*<br><br>*-Nella tua scuola ci sono i contenitori per il riciclaggio?*<br>*- Sì, ce ne sono due, uno giallo per la plastica e l'altro blu per la carta.*<br><br>**Давање инструкции, совети и забрани за однесување во околината**<br><br>**-** *Mi raccomando, rispettate la natura! Non lasciate l'immondizia in giro!*<br>*- Non calpestare l' erba!*<br>*- Buttate le bottiglie di vetro nel contenitore verde!*<br>*- Non gettare i rifiuti ovunque! Mettili nei cestini!*<br><br>**Опишување на својата околина и грижата за неа**<br><br>*Abito in una città abbastanza grande. Negli ultimi anni sono aumentate le macchine e anche l'inquinamento. Per questo motivo il Comune ha deciso di chiudere il centro alle auto durante il fine settimana. Il parco comunale è il posto più bello della mia città. I cittadini ci vanno per respirare l'aria pulita, fare jogging e camminare.* | • Бара/дава, при усна интеракција, информации за грижата за околината.<br>• Дава, при усна интеракција, едноставни инструкции, совети и забрани за однесување во околината.<br>• Ја опишува усно состојбата поврзана со грижата за својата околина.<br>• Составува краток текст за својот придонес во грижата и заштитата на својата околина. |
| Б) Лексички единици:<br>• Околината и грижата за неа: | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со околината и грижата за |

| | |
|---|---|
| *-nomi: ecologia, ambiente, aria pulita, verde, natura, rifiuti, immondizia, spazzatura, inquinamento, riciclaggio, contenitori, cestino, vetro, plastica, carta, lattine…*<br>*-azioni: inquinare, pulire, proteggere/tutelare, riciclare, (non) sprecare l'acqua/l'energia, abbandonare/lasciare i rifiuti, prestare attenzione, vietare, non calpestare l'erba, non tagliare gli alberi, piantare gli alberi…*<br><br>• Инструкции, совети и забрани за однесување во околината:<br>*istruzioni e divieti: È vietato calpestare l'erba!; Gettate i rifiuti nei cestini!; Riciclate la carta!; Tutelate l'ambiente!; Non inquinate l'aria!* | неа;<br>• Пренесува значење или објаснува, на мајчин или на италијански јазик, зборови и изрази поврзани со околината и грижата за неа;<br>• Пренесува значење или објаснува, на мајчин или на италијански јазик, зборови и изрази поврзани со барање/давање препораки за однесување во околината;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при опишување на својата околина;<br>• Употребува зборови и изрази поврзани со грижата за околината;<br>• Употребува зборови и изрази во врска со препораки и забрани за однесување во околината. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br><br>• Род и број на именки, поврзани со темата;<br>• придавки: описни, неопределени: показни, прашални поврзани со темата;<br>• прилози: место (qui, là, davanti, dietro, lontano, vicino, ovunque, intorno…), количина и прилошки определби поврзани со темата;<br>• предлози и нивните членувани форми поврзани со темата;<br>• Глаголски времиња и начини: индикатив сегашно време (presente), заповеден начин 2 л.ед, 1 и 2 л.мн. (потврдна и одречна форма);<br>• Реченици: исказна (потврдна и одречна форма) и прашална. | • Употребува  доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Употребува правилни форми на придавки поврзани со темата;<br>• Употребува правилни форми на заменки поврзани со темата;<br>• Правилнио употребува форми на глаголи во сегашно време поврзани со темата;<br>• Правилно употребува глаголски форми во заповеден начин;<br>• Употребува соодветни прилози за место во даден контекст;<br>• Употребува соодветни предлози и сврзници во даден контекст;<br>• Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

**Примери за активности**

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (c*hi, cosa, quando, come*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Una giornata ecologica*
*Ogni anno molte scuole italiane organizzano una giornata ecologica. Gli studenti e i professori puliscono i parchi, le strade e i cortili delle scuole. Raccolgono bottiglie di plastica, carta, vetro e lattine. Separano i rifiuti per il riciclaggio e mettono tutto nei contenitori giusti. Durante la giornata, alcuni studenti piantano alberi e fiori. Altri scrivono cartelli ecologici con frasi come "Rispetta la natura!" o "Non buttare la plastica per terra!".*
*A volte partecipano anche i genitori. Alla fine tutti sono stanchi, ma felici di avere un ambiente più pulito e verde e di aver imparato piccoli gesti come questi che aiutano a proteggere il pianeta.*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Учениците поврзуваат дадени слики со соодветни зборови и изрази поврзани со темата: *Нашата околина и грижата за неа* (на работен лист или на интерактивна табла). Ги проверуваат заеднички решенијата и ги коригираат, доколку е потребно.

**Вежба:** *Consigli verdi* - Учениците даваат препораки и решенија на определени ситуации користејќи го заповедниот начин.Пр.: *Il tuo amico spreca l'acqua. Cosa gli dici?-Chiudi il rubinetto! Non sprecare l'acqua!, Tuo padre va al lavoro in macchina? -Usa la bicicletta per andare al lavoro! Usa i mezzi pubblici!*

**Вежба:** *Еколошки кодекс на класот.* Учениците пишуваат пароли за однесување во околината кои потоа ги ставаат на видно место во училницата.Пр.: *Spegni la luce! Non lasciare le bottiglie di plastica sotto il banco! Usa la bicicletta per andare a scuola!*

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет - страниците за учење италијански јазик).

**Усно изразување:** Секој ученик кажува по пет добри практики за однесување во својот дом или во училиштето.
*Пр.: -Che cosa fai per rispettare l'ambiente?*
*- Spengo le luci prima di uscire di casa.*
*- Riciclo la plastica.*
*- Prendo i mezzi di trasporto pubblici.*
*-Raccolgo i rifiuti e li riciclo.*

*-Consumo poca acqua.*

**Усна интеракција:**

*Giulia: Ciao Paolo! Oggi a scuola abbiamo parlato di ecologia.*
*Paolo: Davvero? Che bello! Cosa possiamo fare per aiutare l'ambiente?*
*Giulia: Possiamo riciclare la plastica e la carta.*
*Paolo: Giusto! E bisogna spegnere le luci quando non servono.*
*Giulia: È vero. E al parco è importante non buttare la spazzatura per terra.*
*Paolo: Io vado spesso in bici invece di usare la macchina.*
*Giulia: Bravo! Così l'aria resta più pulita.*

**Писмено изразување:** *Io e l'ambiente*. Наставникот ги дели учениците во парови или групи, а потоа пишува на табла клучни зборови пр.: *acqua, aria, plastica, vetro, pulito, sporco, spegnere la luce, piantare un albero итн.* Секој пар или група треба да состави кратток текст употребувајќи ги дадените зборови.

**Креативна активност:** *La promessa verde della classe.* Изработка на постер или презентација во кои ќе ги изразат своите идеи, инструкции или совети за заштита на животната средина во училиштето. На крај постерите се изложуваат во училницата или училишните простори за споделување со останатите ученици.

Тема: ***СРЕДСТВА И НАЧИНИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: **14**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**

1. Разбере едноставен слушнат/пишан текст поврзан со средствата за комуникација;
2. Разбере најчесто употребувани кратенки во електронски пораки;
3. Побара/дава усна информација за средствата за комуникација што ги користи;
4. Напише едноставен текст/електронска порака во кој/-ја го искажува своето мислење за средствата за комуникација.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| А) Говорни чинови (atti comunicativi):<br>**Барање/давање информации за средствата за** | |

| | |
|---|---|
| **комуникација**<br><br>*- Qual è il tuo mezzo di comunicazione preferito?*<br>*- Preferisci parlare al telefono o mandare messaggini?*<br>*- Usi spesso i social network?*<br>*- Sì, tutti i giorni. Mi piace condividere le foto e parlare con i miei amici.*<br><br>**Искажување лично мислење за најчесто користените средства за комуникација**<br>*- I giovani passano troppo tempo su Internet. I social network permettono di restare in contatto, ma anche il cellulare è molto utile, perché si può comunicare facilmente.*<br><br>*- Attualmente i giovani seguono molto i podcast: sono interessanti, divertenti e si può imparare qualcosa. Ma dobbiamo stare attenti: non dobbiamo passare tanto tempo davanti agli schermi.*<br><br>*- A me non piace molto stare su Instagram. Preferisco scrollare su Tik-Tok.* | • Разбира слушнати/пишани кратки едноставни текстови во врска со средствата за комуникација.<br>• Прашува/одговара, во усна интеракција, за средствата за комуникација.<br>• Зборува за средства за комуникација што најчесто ги користи.<br>• Пишува едноставен текст/електронска порака во кој/-ја го искажува своето мислење за средствата за комуникација. |
| Б) Лексички единици:<br>• Средства за комуникација:<br>-nomi: *il telefono cellulare, il tablet, il computer, il portatile, le cuffie, la webcam, l'Internet, i social network, Facebook, Instagram, TikTok, l'SMS, messaggini, blog, podcast, post, l'e-mail / la mail, la comunicazione a distanza, il sito Internet, la posta* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со средствата за комуникација;<br>• Пренесува значење или објаснува, на мајчин или на италијански јазик, зборови и изрази поврзани со средствата за комуникација;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, при разменување информации за |

| | |
|---|---|
| *elettronica, la chat, il software / il programma, l'abbreviazione, videochiamata…*<br><br>-azioni: *navigare su Internet, digitare alla tastiera, scrivere un messaggio, annullare, archiviare, confermare, chiamare, rispondere (al telefono), riattaccare, scaricare, copiare, incollare, chattare, squillare…*<br><br>• Најчести кратенки во комуникацијата помеѓу младите во Италија:<br>*TVB, TVTB, K6, XK, GRZ, TU6, GLS, SN, CMQ, DP, NN, A DOM, DV, Xò, MSG*<br><br>• изрази за искажување мислење:<br>*Secondo me …, secondo il mio parere/ la mia opinione…* | средствата за комуникација;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при искажување свое мислење за средствата за комуникација;<br>• Употребува соодветни зборови и изрази, во едноставен текст, поврзани со средствата за комуникација. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>Повторување, продлабочување знаења поврзани со:<br><br>• Род и број кај именките поврзани со темата;<br>• придавки: описни, неопределени: показни, прашални, бројни (centinaia, migliaia, milione) поврзани со темата;<br>• заменки, прилози, предлози поврзани со темата.<br><br>• Глаголски времиња и начини: сегашно време од индикатив; безлична форма-конструкција si+ 3 p.sg/pl Non si deve utilizzare troppo il cellulare!<br><br>• Реченици: исказна (потврдна и одречна форма), прашална. | • Употребува  доволно правилен изговор и интонација;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>• Употребува правилни форми на именки и придавки поврзани со темата;<br>• Употребува правилни форми на заменки, прилози и предлози поврзани со темата;<br>• Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>• Употребува безлична форма SI со 3 л.ед/мн. од глаголот.<br>• Користи едноставни исказни и прашални реченици при усно и писмено изразување. |

**Примери за активности**

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (chi, cosa, quando, come), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*IT Comunicazione oggi*
*Oggi le persone comunicano in molti modi diversi. Un tempo si scrivevano lettere o biglietti per amici e parenti. Oggi è più facile usare messaggi istantanei, email o social media come Instagram, TikTok e WhatsApp. Possiamo inviare e ricevere messaggi, foto, video o storie in pochi secondi. Molti usano anche videochiamate su Zoom, Meet o WhatsApp per parlare con amici, famiglia o per la scuola. La comunicazione oggi è veloce, ma è sempre importante scrivere e parlare con cortesia, anche sui social media: non condividere dati personali, commentare con rispetto e usare abbreviazioni corrette.*

**Практична задача:** Доаѓање до значењето: Учениците, индивидуално, ги поврзуваат зборовите и изразите со соодветните синоними или објаснувања: *SMS, Messaggio elettronico, Telefonata, Prefisso, Firma, Squillare, Post sui social, Commentare, Condividere, Scrivere un messaggio elettronico, Inviare/ricevere un messaggio elettronico…* Ги кажуваат решенијата пред паралелката, наставникот ги коригира, доколку е потребно, а учениците доаѓаат до значењето на зборовите и изразите поврзани со темата.

**Вежба:** *Codice di comunicazione*. Учениците пишуваат совети за комуникација трансформирајќи ги дадените совети/препораки во безлична форма:

*Rispondi sempre ai messaggi! Non usare abbreviazioni nei messaggi formali! Saluta quando telefoni! Controlla il numero prima di chiamare! Commenta sempre con rispetto sui social! Non condividere dati personali online! Spegni il telefono di notte!*

**Усно изразување:** *Una giornata di digital detox.* Учениците усно опишуваат еден ден поминат без телефон, интернет и социјални мрежи.

**Усна интеракција:**
*-Quali regole segui quando scrivi un'email o commenti sui social?*
*-Saluto sempre prima di parlare./ Rispondo subito ai messaggi./Scrivo frasi complete nei messaggi elettronici./ Commento con rispetto sui social media./ Non condivido informazioni personali online.*

**Писмено изразување.** Учениците пишуваат кратка неформална порака, e-mail или пост на социјална мрежа (3–5 реченици):
*Ehi ragazzi! Domani mattina ci vediamo davanti alla scuola alle 8:00.*

*Portate scarpe comode e tanta voglia di divertirvi!*
*Faremo una piccola passeggiata e giochi all'aperto.*
*Non mancate, ci divertiremo insieme!*

**Креативна активност.** Учениците спроведуваат анкета во паралелката за различните видови комуникација и резултатите ги внесуваат во дијаграм. Потоа прават мини-презентација (lettere, SMS, e-mail, telefonate, social media).

Тема: ***КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: Се реализира во склоп на часовите наменети за другите теми, во текот на целата учебна година.

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. демонстрира способност за препознавање и разбирање на културни информации преку употреба на стекнатиот вокабулар и граматички структури;
2. ги применува новостекнатите јазични и културни знаења за анализа и интерпретација на текстови, медиуми и активности релевантни за дадените култури;
3. го користи стекнатиот вокабулар и граматички структури за да опише и спореди обичаи, традиции и културни практики меѓу сопствената и дадената култура.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива емпатија и почит кон луѓето од различни културни позадини;
2. има позитивен став кон културните разлики и културната разновидност;
3. ја разбира и прифаќа вредноста на мултикултурниот дијалог како начин за збогатување на сопствените погледи и искуства;
4. размислува критички за сопствените ставови и предрасуди кон други култури;
5. ги почитува универзалните вредности како што се толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| Содржините во наставната програма се насочени кон запознавање на учениците со културните, цивилизациските, социјалните и социојазичните аспекти на | • Идентификува значајни обичаи и традиции на дадена култура.<br>• Ги објаснува основните концепти и вредности што ги одразуваат културните практики на земјите во кои се зборува на италијански јазик.<br>• Ги опишува сличностите и разликите помеѓу обичаите, традициите и навиките во дадената и |

| | |
|---|---|
| земјите каде што се зборува на италијански јазик. При тоа треба да овозможат развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура. | сопствената култура, користејќи релевантни примери.<br>• Ги препознава и толкува културните и цивилизациските обележја на Италија, објаснувајќи го нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаењата за културата и во ситуации кои бараат интеркултурна комуникација. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална активност:** "Diario interculturale – Il mio diario italo-macedone". Секој ученик изработува „интеркултурен дневник“ (diario interculturale) – во кој ги опишува, анализира и споредува навиките и средствата за комуникација на младите во Италија и младите во Македонија. Интеркултурниот дневник може да се изработи на лист, во тетратка, со помош на компјутерски алатки или во друга форма.

**Квиз:** Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот "Точно/Неточно", "Избери го точниот одговор" или "Пополни ги празните места", во врска со културните и цивилизациските обележја на Италија.

**Дебата:** Учениците, поделени во две групи, дебатираат, на мајчин или на италијански јазик, на тема *Еколошката свест е поразвиена кај младите во Италија/Македонија?* по претходно истражување.

**Дискусија:** Наставникот отвора дискусија со прашањето: *Puoi dirmi come si raccolgono i rifiuti nella nostra città?* Учениците ги споделуваат своите размислувања.

**Играње улоги:** Учениците симулираат телефонски разговор со лица што зборуваат италијански јазик при онлајн купување. Притоа користат правилни изрази и  социокултурни комуникациски  норми.

**Истражувачка активност:** *Омилените дестинации за одмор на Италијаните*. Учениците се поделени во две групи. Според насоки од наставникот, едната група бара информации од интернет за дестинациите за одмор на Италијанците во последното лето, а втората бара информации за дестинациите за одмор на Македонците истото лето. Во рамките на својата група ги разменуваат информациите, ги одбираат најзначајните и ги презентираат пред паралелката. Потоа, заеднички прават споредба на омилените дестинации на населението од двете земји.

**Креативна активност:** *Дигитално модно списание.* Учениците се делат во две групи. Секоја група треба да избере име на своето списание и

| |
|---|
| да креира насловна страница (со слика и наслов) на пр. Moda per l'inverno, Abbigliamento sportivo, Un look perfetto per l'autunno,...) Првата група избира креации од македонски модни креатори, додека втората избира италијански модни креатори. Потоа секоја група го претставува своето модно списание пред паралелката и се воочуваат сличностите и разликите во доменот на модата. |

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

По предметот Италијански јазик за II година на гимназиското образование, учениците ги совладуваат петте јазични вештини: разбирање при слушање, разбирање при читање, зборување (говорна интеракција и говорна продукција), пишување (писмена интеракција и писмена продукција) и јазично посредување (медијација). За таа цел наставникот/наставничката ги следи и ги оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во дијалози со примена на усвоената лексика.
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран.
- .разбирањето на слушнати и /или пишани искази, дијалози и куси текстови.
- пренесувањето говорени и пишувани искази од италијански на мајчин јазик и обратно.
- правилното пишување зборови, реченици и дијалози, како и пишувањето пораки, лични писма, покани, електронски писма, насочени состави, парафразирање кратки текстови и пишување сопствено мислење на дадена тема.
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации).
- домашните задачи.

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците.

Вреднувањето на напредокот на учениците со бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување се врши по завршување на учењето на секоја тема, на крајот на полугодието и на крајот на учебната година. Сумативната оценка се изведува како комбинација од оценката за напредувањето, констатирана преку различните техники на формативно оценување и од писмените проверки на компетенциите на учениците (работни ливчиња, тестови, писмени работи) на тест на знаење.

Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови.

Оценувањето е составен, а неизолиран дел од наставниот час. Проверката на знаењето, како и оценувањето на учениците, не треба да се разликува од редовните активности во текот на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат поединечно при усната проверка на знаењето.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Италијански јазик* за II (втора) година гимназиско образование.** | бр. 13-13739/6<br><br>28.10.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |